Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Сто дваесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 1 декември 2021 година**

**Скопје, декември 2021 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто дваесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 1 декември 2021 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 12:15 часот.

Со седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата учествуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска - Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и Башким Хасани, заменик на министерот за одбрана, м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи, м-р Назим Буши, заменик на министерот за внатрешни работи, Зоран Маневски, заменик на министерот за економија и Трајан Димковски, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

На седницата учествуваше и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, Мила Царовска, министер за образование и наука, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа и Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање.

*

*      *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Записник од Осумнаесеттата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 30 ноември 2021 година, со Предлог-одлука

2. Кадровски прашања

3. Прашања и предлози

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа Записникот од Осумнаесеттата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 30 ноември 2021 година, со Предлог-одлука и притоа заклучи:

1. Го усвои Записникот од Осумнаесеттата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 30 ноември 2021 година.

2. Го утврди Предлогот на одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на целата територија на Република Северна Македонија заради недостиг на електрична енергија и состојбите на пазарите на електрична енергија (со која се предлага на Собранието на Република Северна Македонија да одобри продолжување на рокот за постоење на кризната состојба до 9 јуни 2022 година) и да ја достави до Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Радмила Шекеринска Јанковска, министер за одбрана, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи и Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, а за повереник Стојанче Ангелов, директор на Центарот за управување со кризи.

**Точка 2**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 3**

По оваа точка немаше прашања ниту предлози.

*

*        *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 12:25 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Мухамед Зеќири**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**